Бр.09 – 8146 /2
17.12.2025 година

Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Општина Штип, постапувајќи во постапка за продажба на надвижен имот по Јавна Објава 06/2025 со бр. 09 – 8146 /1 од 4.12.2025 година, согласно чл.97 од Закон за Општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), по службена должност донесува:

Р Е Ш Е Н И Е
за исправка на грешка

Во Јавна објава Бр. 06/2025 за давање под закуп на недвижност – Инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк вршени во текот на 2025 година на КП 8598 КО Штип 4 мв ,,Суитлак" со електронско јавно наддавање со архивски број 09 – 8146/1 од 04.12.2025 година, а објавена од страна на Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Општина Штип, од причина што се донесе Одлука за измена на одлуката за давање под закуп со бр.08-8256/1 од 9.12.2025 година на Советот на Општина Штип, се врши исправка и тоа:

- На сите места во Јавна објава Бр. 06/2025 за давање под закуп на недвижност – Инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк вршени во текот на 2025 година на КП 8598 КО Штип 4 мв ,,Суитлак" со електронско јавно наддавање со архивски број 09 – 8146/1 од 04.12.2025 година по зборовите „Одлука за давање под закуп на недвижност инвестициони вложувања како долгорочни средства во друѓи објекти во Суитлак – Дино парк, број 08-7713/1 од 18.11.2025 година“ се додаваат зборовите „и Одлука за измена на одлуката за давање под закуп на недвижност инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк со бр.08-8256/1 од 9.12.2025 година“.

Образложение

Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Општина Штип на 4.12.2025 година објави Јавна објава бр.06/2025 за продажба на надвижен имот во сопственост на Општина Штип со електронско јавно наддавање со архивски 09 – 8146/1 од 04.12.2025 година.

Од страна на Советот на Општина Штип се донесе Одлука за измена на одлуката за давање под закуп на недвижност инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк со бр.08-8256/1 од 9.12.2025 година од причина што се утврдило дека во Одлуката за давање под закуп на недвижност инвестициони вложувања како долгорочни средства во други објекти во Суитлак – Дино парк, број 08-7713/1 од 18.11.2025 година е цитирано одобрение број УП1бр.20/25 – 129 од 21.03.2025 година издадено од Општина Штип. Меѓутоа истоото одобрние било поништено во управна постапка и заменето со ново Одобрение УП1бр.20/25-299 од 15.7.2025 година издадено од страна на градоначалникот на Опшптина Штип.

Комисијата утврди дека поради сето погоре наведено потребно е да се донесе решение како во диспозитивот на овој управен акт.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на објава на ова Решение, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

Комисија за располагање со недвижни
и движни ствари на Општина Штип

1.Лазар Хаџи-Николов, претседател
2.Марија Герасимова, зам. член
3.Катерина Мицевска, член